08-1006/6
04-09-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Постапката по предмет со бр. 08-1006/1 од 13.02.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по наведениот предмет.

Предметот со број 08-1006/1 од 13.02.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

***Образложение***

Предметот со број 08-1006/1 од 13.02.2023 година е оформен по пријава со наводи дека лицето __________ до ДКСК нема поднесено анкетен лист за функцијата Претседател на Сенат на Универзитет ______________.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ___________ во законски предвидениот рок од 30 дена по именување на функцијата Претседател на Сенат на Универзитет _____________, не поднела Анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до лицето ___________. Истата, на ден 05.04.2023 година ја платила глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија — Државна комисија за спречување на корупцијата — Скопје
Republika e Maqedonisë — Komisioni shtetëror për parandalim të korrupsionit — Shkup

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk